PaySpot MK

ЛИСТА

на најрепрезентативни услуги со стандардизираните термини и дефиниции:
со важност од: 01.10.2026

#	**Именување на услугата (термин)**	**Дефиниција**	**Статус**
1.	Одржување на платежна сметка	Давателот на платежни услуги одржува платежна сметка за потрошувачот со цел да му овозможи нејзино користење.	А
2.	Онлајн користење услуги поврзани со платежна сметка	Давателот на платежни услуги му овозможува на потрошувачот користење на услугите поврзани со платежната сметка преку интернет, или со мобилна апликација.	А
3.	Кредитен пренос во денари во земјата	Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка, во денари.	А
4.	Кредитен пренос во евра во странство	Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка во странство, во евра.	Н
5.	Кредитен пренос во валута различна од евро во странство	Потрошувачот дава инструкција на давателот на платежни услуги кој ја одржува неговата платежна сметка да изврши пренос на парични средства од неговата платежна сметка во корист на друга сметка во странство, во валута различна од евро.	А
6.	Прилив од странство	Давателот на платежни услуги прима парични средства со кредитен пренос од странство, со цел соодветниот износ на парични средства да се пренесе и да му се стави на располагање на потрошувачот.	Н
7.	Траен налог	Давателот на платежни услуги, во согласност со инструкција на потрошувачот, извршува редовни кредитни трансфери на фиксни / определиви износи на парични средства од платежната сметка на потрошувачот во корист на друга сметка.	Н
8.	Издавање на дебитна картичка	Давателот на платежните услуги издава платежна картичка која е поврзана со платежната сметка на потрошувачот. За износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитна картичка, директно и во целост се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на потрошувачот, во коишто е вклучено дозволеното пречекорување.	Н
9.	Издавање на кредитна картичка	Давателот на платежните услуги издава платежна картичка која е поврзана со платежната сметка на потрошувачот. Вкупниот износ на трансакциите извршени со оваа картичка на договорениот датум во целост или делумно се задолжува од платежната сметка на потрошувачот. Давателот на платежните услуги може да пресмета и да наплати камата за искористениот износ, во согласност со договорот за издавање и употреба на кредитна картичка склучен со потрошувачот.	Н
10.	Повлекување готовина	Потрошувачот подигнува готовина од неговата платежна сметка.	А
11.	Дозволено пречекорување	Врз основа на договорот за дозволено пречекорување, давателот на платежните услуги на платежната сметка на потрошувачот го става на располагање договорениот износ на средства што може да го користи потрошувачот кога на платежната сметка нема веќе сопствени парични средства. Во договорот за дозволено пречекорување се одредуваат максималниот износ на парични средства коишто може да ги позајми потрошувачот, како и надоместоците и каматите, доколку ги наплатува давателот на платежните услуги.	Н

Статус „А“ означува дека именуваната услугата (термин) **е** дел од портфолиото на услуги на ПејСпот МК
Статус „Н“ означува дека именуваната услугата (термин) **не е** дел од портфолиото на услуги на ПејСпот МК